# Кико и Многујас



End Violence Against Children

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

# Кико и Многујас

Ова се Кико и Пипа.
Пипа се грижи за Кико, а тој многу учи гледајќи ја умната Пипа. Тие се сакаат и поминуваат многу време заедно, си играат и си разговараат.



А ова... ова е магично свирче!
Секогаш кога Кико ќе свирне,
Пипа магично се појавува.
Пипа е секогаш тука за Кико!

ФИУ! ФИУ! Така свири магичното свирче.





„Што е ова? - праша Кико.

„Ова е екран. Екраните се како магични прозорци кои водат кон друг свет“, рече Пипа.

„Кажи ми повеќе за тој свет!“

„Таму можеш да научиш многу нешта, и да се забавуваш со пријатели од целата планета“, објасни Пипа.







„Но може да биде опасно Кико.
Мора да бидеш многу умен“.

„Јас сум најумен!“ рече Кико.

„Добро, тогаш ќе ти ги кажам
златните правила за екраните,
и слушај внимателно“.



## ПРВО

Прашај дали можеш да користиш екран.

## ВТОРО

Размисли добро пред да сториш нешто.



## и ТРЕТО...

да побарам помош ако ми треба! додава Кико.




„Браво Кико! Ако си близу екран, секогаш имај го магичното свирче. И доколку ти треба помош...“


Ej Кико! Дојди да си играме! Ти ќе правиш смешни гримаси а јас ќе те сликам!


Еј, па не можам да ги фатам сите!!

Се појави Многујас и почна да ги јаде сликите. Многујас има посебна моќ. Ако лапне само една слика, може да создаде илјадници слики!




„ГРАК, ГРАК! Сега се мои!“ Многујас почна силно да се смее и одлета.

ФИУУ ФИУУ!! Кико свирна со свирчето.

Пипа дојде да ти помогне!




Фрп, фрп! Пипа и Кико ги собраа сите слики. Токму навреме! Многујас одлета далеку.

„Каква авантура! Ајде да си одиме дома Кико!“

Време е за бањање! Плис, плис!
Кико ужива како риба во вода.



Вратата се отвори и влезе Екранко.

„Здраво Кико! Колку си сладок со сите тие меурчиња! Може ли да те сликам?“ праша Екранко.

„НЕ МОЖЕ!“ извика Кико, и дувна многу меурчиња накај екранот.

„Окидоки“, рече Екранко, и одлета.



Колку напорен ден! Кико се чувствува преморен.

„Време е да си легнеш Кико!“ рече Пипа.

„Окидоки“, вели Кико, кој само што не заспал.



„Кико, може да направам една слика за нашиот албум?“ праша Пипа.



Дали ги запомнивте лекциите
што ги научи Кико за сликањето?



## ПРВО

Секогаш прво
барам дозвола.

## ВТОРО

Сликата на која сум јас
е само моја!

„Сите мора да побараат
дозвола од мене пред да
ме сликаат,“ вели Кико.

„... и никој НИКОГАШ не
смее да те слика гол,“
додава Пипа.





# ТРЕТО

**Имам право да кажам не!**

**„А ако не знаеш како да постапиш...“ рече Пипа. ФИУУ ФИУУ!**

„Одлично Кико. Денов беше исполнет со авантури! Сега ќе ти ја отсвирам омилената песна и веднаш ќе заспиеш“.



И додека Пипа свирка, Кико почнува да сонува за бомбони што растат насекаде.





Наслов на оригиналот:
Kiko and the Manymes
© Council of Europe, Ноември 2020

Текстот е преземен и се користи со дозвола од Советот на Европа.
Овој документ е објавен во договор со Советот на Европа, но е под единствена одговорност на преведувачот/ите/издавачот/ите.

Репродукцијата на изводоци (до 500 зборови) е дозволена за некомерцијални цели, сè додека е зачуван интегритетот на текстот, изводокот не се користи надвор од контекст, не дава нецелосни информации или на друг начин не го доведува во заблуда читателот во однос на природата, обемот или содржината на текстот. Изворниот текст мора да се наведе на следниов начин: © Council of Europe, година на објавување – англиско издание; © Ludwig Boltzmann Gesellschaft – Институт за фундаментални и човекови права (LBI-GMR), година на објавување – превод на македонски јазик.

Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или дел од оригиналниот документ треба да бидат упатени до Одделот за публикации и визуелен идентитет, Совет на Европа (F-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

Преводот на македонски јазик и дисеминацијата на оваа публикација се финансирани од Европската Унија во рамките на проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото“, имплементиран од Институтот за фундаментални и човекови права „Лудвиг Болцман Геселшафт“ (LBI-GMR).
LBI-GMR е целосно одговорен за сите печатни и јазични грешки во оваа публикација и истата не ги одразува нужно ставовите на Европската Унија.

© Ludwig Boltzmann Gesellschaft – Институт за фундаментални и човекови права (LBI-GMR), октомври 2025 година – превод на македонски јазик.

Финансирано од
Европска Унија

EU SUPPORT FOR RULE OF LAW

Целта на оваа книга за добра ноќ е да им се објасни на децата на возраст од до 7 години кои се основните правила за употреба на екраните и за важноста да се заштитат приватноста и сликите на децата. Ако сакате да дознаете повеќе за темата, посетете ја страницата **www.underwearrule.net**

Советот на Европа со благодарност ја прифаќа финансиската поддршка обезбедена за оваа програма од страна на Фондот за запирање на насилството (End Violence Fund). Овој Фонд обезбедува финансиска поддршка за програми што нудат практични, иновативни решенија за заштита на децата од онлајн експлоатација и злоупотреба.

Советот на Европа е водечка организација за заштита на човековите права на европскиот континент. Сочинета е од 46 земји-членки, кои ги вклучуваат сите членки на Европската Унија. Сите членки на Советот на Европа се потписнички на Европската конвенција за човекови права, спогодба која е создадена да ги штити човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права е задолжен за следење на спроведувањето на Конвенцијата во сите земји-членки.

MKD

End Violence Against Children

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE